

**Благој Трајков**

**П Р Е Д Г О В О Р**

**И**дентитет е основно човеково право на чувство, паметење и прататкoвинско суштествување на етногенороден народ, кој милениумски се конституира низ примарни посебности, особености, специфики и сознанија од колективното паметење и зрелост, низ минливите и менливи збиднувања со што сознанијата прераснуваат во сведоштва и закономерни оставштини за идентитет.

**И**дентитет е состојба од сознанија за една единка или целина на народ, во која нештата од суштествувањето се поставувале, изградувале, осознавале, вреднувале, согледувале, секогаш појавувајќи и оформувајќи сé во основните начела и аспекти од прапрвичната фактичка состојба, како стожер основа за појдовна современа и своевидна индивидуално-колективна креација во зависност од друштвените збиднувања, а истовремено проучувањата на идентитетот низ историските епохи, системи и одредени состојби дефинираат и формираат актуелни посебности, вкрстосувајќи аспекти од едно до друго време, состојба, процес и потреба на единката, заедницата, колективот, народот и нацијата.

**И**дентитетот излегува од доменот и волјата на поединецот, случајното и туѓото, се вгнездува во објективното, нужното и општото, темелно ја дефинира посебноста на етногенородниот поединец, народ или нација низ историскиот развој, носејќи, поставувајќи и презентирајќи ги елементите на суштествувањето, секогаш понирајќи во сознајната свест за етногенородните карактеристики на посебност, со сите древно-цивилизациски вредности, кои го дозволуваат правото на дотичен народ да се именува и да ја именува земјата на која суштествува по тоа име, како единка, народ или нација.

**И**дентитетот на еден народ, покренува лавина на научни аналитички студии од следните профили на професии: географолози, геолози, епиграфисти, палеолисти, топонимисти, хидронимисти, лингвисти, ономастичари, археолози, етнолози, културолози, теолози, философи, историчари, политиколози, хуманисти... Кои ги согледуваат прапочетоците, севкупното минато, развојот и континуитетот на суштествувањето на дотичен етногенороден народ, во македонскиот случај за македонскиот идентитет и древните археолошки артефакти, “со врежани зборови “Македон”, “Македонец”, “род македонски”, “Македонија”, “македонско тло”, [1] кои зборуваат дека од неолитот до наши дни, Македонците биле и останале Македонци.

**О**вој труд опфаќа само скромен дел од етногенезата, етнонимијата и етимологијата за Македонските артефакти, како постоечки пишани аргументи (сведоштва) низ материјални докази, колку да се знае, што е што, од што и за што.

**I дел**

**М**акедонците, со антропоморфолошката (наука за облиците на човечкото тело и

посебност) “се сметаат себеси како Македонци”, [2] и се од родот на Пелазгите, Антите, Венетите, и во основа всушност, “Македонците се Пелазгиски народ”, [3] чии ограноци “во праисторискиот период се простирале од Индија се до крајните граници на Западна Европа, од кои повеќето го заборавиле своето потекло“. [4]

**М**ногу стар артефакт од просторот на Македонија кој заслужува особено внимание и со кој се посведочува присуство на живот е женски череп стар 270.000 години, како и други наоди од човекови активности, од кои и палеолитската секира стара 500.000 години што го изразуваат степенот на развој на најстариот неолитски човек и упатуваат дека Македонија има релевантни докази за еволутивниот момент на својата сопствена култура, каде доминирал култот на Сонцето низ континуирана истородна цивилизација во Европа.

**О**д единаесетиот милениум до седмиот милениум пред Христа, на тлото на Македонија суштествувало организирано неолитско општество, со автохтон етногенороден древномакедонски народ, кој имал свое писмо и зборувал на ист јазик, и "светската наука ги идентификува и дефинира како Пелазги, Анти, Венети (Венди, Винди), Древномакедонци", [5] Феникијци, Траки, Сармати, Илири, Словени, иста популација, со различни називи.

**И**дентични стојалишта со античките автори дека етногенородниот современ македонски народ потекнува од најстарите Пелазги даваат: Müler; Wels; Szulc; Orbini; Borza; Dolci; Yco; Heicheilheim; Kostrzevsky; Arthur de Cobineau; кои стручно, достоинствено, непристрасно, без предрасуди, без пристрасни идеологии, тенденциозни толкувања и заблуди, објективно ги надополнуваат плејадата научници од егзактната наука во светот, и афторитет што ќе ги споменеме на кои митологијата, ономастиката и старите летописи им појасниле многу факти: J. Bobbiensis; Fredegar Scholasticus; Adam Bremenski; Helmold; Wincenty Cadlubek; Chranicon; Grantz; Marcin Bielski; Kantzot; Münster; Vramec; Bohorič; Salfeld; Vinko Pribičevič; Mavro Orbin; Savijur Lozinjan; Enea Solvio Picolomini; Juraj Šižgurič; Valvasor; Marino Barletio; Tatašiev; Schlözer; Tredjakovski; Gerote; Trstenjak; чии истражувања дошле до резултати дека "народите од антиката Анти, Венети, Вендули, Енети, Македонци, Феникијци, Бриги" [6] "(Фриги)", [7] Склавини кованица за Словени..., "биле еден ист етногенороден народ" [8], иако во одделни историски епохи биле нарекувани со различни имиња сите припаѓале на големото Пелазгиско древно родовско стебло.

**О**д постантичките автори Ptolomais; Jordanes; Kasius Diz; Pamponij Mela; Strabon; Pictet… дознаваме дека "од етногенородните Пелазго-Античко-Македонско-Словенски браќа по

род потекнуваат:  Руси; Московити; Белоруси; Украинци; Полјаци; а од етногенородните Пелазго-Венетско-Македонско-Словенските браќа по род, потекнуваат: Чеси; Словаци; Хрвати; Срби; Словенци; Босанци; Баварци; Лацинци; Рецинци; Хелвети; Тиролци; Сабини; Норикумци; Келти (Кити); Бретанци”.     [9]

**В**сушност, за современата наука сведоштвата за македонската етногенородност децидно ја потврдуваат авторите Isokrat, Herodoth, Thukidid, Demosten, Platon, Plutarh, Polubius, Strabon, Titus Livius, Arian, Pausanius, кој факт го потврдува и извршената DNK-анализа во Вирџинија (САД) во 2003-та година н.е. која покажа дека Македонците имаат ”медитеранска DNK”, а додека денешните Грци (Данајци) “субсахарска DNK” дојдени од Египет, точно како што запишал Есхил, а факт потврден преку анализата во 2006-та година и истражувањата од анализата на DNK од Оксфордскиот институт од 2008-та година од институтот “IGENEA” покажаа дека “современите Македонци се директни потомци на древните Антички Македонци”, со што всушност се потврдува дека Македонија е неприкосновена целина, татковина на Македонскиот народ и прататкoвина на Словени, Венети, Анти, земјата на Пелазгите (белата раса на луѓе) кои оставиле свои траги во топонимите, оронимите, хидронимите, патронимите, епитафите и личните имиња на три континенти.

***Продолжува***

---

[1] Strabo, VII, fr, 11.

Georg Autenrieth, A Homeric Dictionar…p.74

Homer, Ilijada, II, 14, 226

Homer, Ilijada, II, 846

[2] Eugene Borza In the Shadow of Olimpus…, p.96

[3] Marcus Inuianius Iustinius, Historias, Lib. VII, I,I

[4] Adolphe Pictet, Les origine ..., Tome premier, p.12

[5] Marcus Iunianius Iustinius, Pompeius Trogus.., VII, 1,3

[6] Steph., Byz., S.V. Brygias

Itnin, Hierosolim, 607, 2.

[7] A.Gotze, Kleinasien…, p.202.

[8] Eltzelt von Salfeld, Chronicon der Alten Mark, Magdeburg, 1579.

M. Orbini. IL Regno degli Slavi, Pezzaro, 1601, p.4-5.

[9] Д-р. Петар Поповски. “Украдена историја”. 2009. Стр.70.

Види пошироко во: Veneti first Builders of the European Community, co-publishing Anton Skerbinc, Mateh Bor, Ivan Tomazic, Canada 1996 pp.143-147